13. Извештај за наплатата на комуналната такса за користење простор пред деловни простории; за користење на музика во јавни локали; за поставување витрини за изложување на стоки надвор од деловни простории; за користење плоштади и друг простор во градот; за кампови; шатори и друга опрема; за истакнување реклами; објави; огласи на јавни места; за користење на улиците со патнички товарни возила, автобуси и др.; за користење на простор за паркирање на моторни возила.

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за даноци и комунални такси

14. Информација за извршувањето на надлежностите од страна на Градоначалникот
    ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација

15. Информација за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција
    ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунален развој и сообраќај

16. Советнички прашања

Во текот на 2008 година Советот ќе расправа и по други материјали иницирани согласно новите законски и статутарни надлежности.

Советот ќе расправа и по други прашања од негова надлежност по материјали поднесени од овластени поднесувачи и по предлози за избори и именувања од негова надлежност.

**Број 07- 344/5-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2008 ГОД. НА МЈП„ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА РЕ „ВОДОВОД“-ОХРИД И РЕ „КОЛЕКТОР“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа за 2008 година на МЈП Струга „Проаква“ за РЕ „Водовод“ - Охрид и РЕ „Колектор“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2008 ГОД. НА МЈП „ ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА РЕ „ВОДОВОД“ ОХРИД И РЕ „ КОЛЕКТОР“**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа за 2008 година. на МЈП„Проаква“ Струга за РЕ „Водовод“- Охрид и РЕ „ Колектор“

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Програмата за работа за 2008 година. на МЈП„ Проаква“ за РЕ „Водовод“- Охрид и РЕ „ Колектор, Одлука за донесување Програмата за работа за 2008 год. на МЈП„Проаква“ за РЕ„Водовод“- Охрид бр.02-155/2 од 25.01.2008 година. и Одлука за донесување Програма за работа за 2008 година. на МЈП„Проаква“-Охрид РЕ „Колектор“ бр.02-155/3 од 25.01.2008 год. и двете донесени од Управниот одбор на МЈП„Проаква“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ И СООБРАЌАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ ЗА 2007 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програмата за инвестиции и одржување за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ И СООБРАЌАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ ЗА 2007 Г.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програма за инвестиции и одржување за 2007 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај на одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програма за инвестиции и одржување за 2007 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 год.

**Број 08-344/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА**.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за 2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-344/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2007 ГОД. ДО 31.12.2007 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Одделението за даноци и комунални такси за период од 01.01.2007 год. до 31.12.2007 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01. 01 .2007 ГОД. до 31.12.2007 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци и комунални такси за периодот од 01.01.2007 год. до 31.12.2007 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Извештајот за работењето на Одделението за даноци и комунални такси за периодот од 01.01.2007 год. до 31.12.2007 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИИНСКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2007 ГОД. ДО 31.12.2007 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Општинскиот инспекторат при Локалната самоуправа на општина Охрид за период од 01.01.2007 година до 31.12.2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година донесе:

## О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД**

**ОД 01.01.2007 ГОД. ДО 31.12.2007 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на општинскиот инспекторат при локалната самоуправа на општина Охрид за период од 01.01.2007 год. до 31.12.2007 г.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Извештајот за работата на општинскиот инспекторат при локалната самоуправа на општина Охрид за период од 01.01.2007 год. до 31.12.2007 г.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2008 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2008 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2008 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2008 г.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/ 11**
**28.02.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ. бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник“ на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 год. ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2008 год.**

**Празници на централно и локално ниво**

| Р.бр | Празник | Дата | Место | Организатор- | Соорганизатор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Свети Сава- празник на српската заедница | 27.01 | | Српска заедница | локална заедница |
| 2. | Прличеви Беседи | 06.02. | - НУ центар за култура<br>- НУ Градаска библиотека<br>- ОУ Григор Прличев<br>- Спомен куќа на Прличев<br>- Гробот на Прлиев<br>- Спомен обележје на Прличев (пред НУ градаска библиотека и во дворот на ОУ) | -НУ Центар за култура<br>- НУ Градска библиотека<br>- ОУ Григор Прличев | -Локална самоуправа<br>-Завод и музеј-Охрид<br>-ЈП Охридски Комуналец |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 3. | Меѓународен ден на Ромите | 8.04 | | Ромска заедница | Локална самоуправа |
| 4 | 1/ви Мај - празник на трудот | 01.05. | | | |
| 5 | - Ден на победта над фашизмот<br><br>- Ден на ЕУ ?? | 09.05. | Спомен обележја од НОВ | Сојуз на борци | Локална самоуправа |
| 6 | Национален ден на Власите | 23.05 | | Влашка етничка заедница | Локална самоуправа |
| 7 | Ден на сесловенските просветители | 24.05. | Спомен обележјето на св. Кирил и Методи | Училишта | Локална самоуправа |
| 8 | Ден на екологијата | 05.06. | | -Министерство за екологија<br>- Министертво за<br><br>земјоделие<br>- Еколошки друштва | - Локална самоуправа<br>- ЈП Охридски комуналец |
| 9. | Ден на Охридското езеро | 21.06. | 2008г-Домаќин е Поградец | Општина Поградец | Општина Охрид<br>Општина Струга |
| 10. | Илинден-Ден на Републиката | 02.08. | Спомен обележја од Илинденскиот период | -Локална самоуправа<br>-Спортски друштав | |
| 11. | Ден на независноста на | 08.09. | | | Локална самоуправа<br>Спортски друштва |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | РМ | | | | |
| 12 | Меѓународен ден на Бошњаците | 28.09 | | Бошњачка заедница | Локална самоуправа |
| 13 | Ден на народното востание | 11.10. | -Сала на општина Охрид<br>-НУ Центар за култура<br>-Спомен обележја | Сојуз на борци | Локална самоуправа<br>НУ Градска библиотека,<br>НУ Центар за култура,<br>НУ Завод и музеј |
| 14 | Ден на ослободување на градот | 07.11. | Сала на Општиона Охрид<br>-НУ Центар за култура<br>-Спомен обележја | Сојуз на борци | Локална самоуправа<br>-ЈП Охридски комуналец<br>-Детска градинка - Јасна Ристеска<br>-МЗ Рамне |
| 15 | Ден на македонската револуционерна борба | 23.11. | -Спомен обележја од Илинденскиот период | | Локална самоуправа |
| 16 | Ден на албанската азбука | 22.11 | | Албанска заедница | Локална Самоуправа |
| 17 | -. Св Климент Патрон на градот | 08.12. | | Локална самоуправа | - ОСУ и ОУ Св. Климент Охридски<br>- НУ Центар за култура<br>НУ Градска библиотека<br>- НУ Завод и Музеј<br>- Детска градинка |
| 18 | Ден на настава на турски јазик | 21.12 | | Турска етничка заедница | Локална самоуправа |
| 19 | Дочек на Нова Година | 31.12. | Градски плоштад | | |

**Годишнини и манифестации**

| Р.бр | Манифестација | Дата | Место | Организатор | Соорганизатор | Акти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1. | Прослава на Стара Нова Година-Василица | 13.01. | М.Заедници | Месни заедници | Локална самоуправа | Пома пијал |
| 2. | Богојавлјение - Водици | 19.01. | Градско пристаниште | МПЦ орг.Богојавлјение | Локална самоуправа | Дист орга мани |
| 3. | 110-годишнина од смртта на Коста Абраш | 21.01 | спомен плоча на Коста Абраш | -Завод и музеј<br>-Печатница Коста Абраш | Локална самоуправа | Форм |
| 4 | 100-години од смртта на Марко Бошњаков | 27февруари | Спомен плоча-Родната куќа на Бошњаков | Локална самоуправа | | Пола Бошн |
| 5 | Ден на албанската просвета | 7.03. | ОУ„Братство Единство“ или центар за култура | ОУ„Братство Единство“ | КУД Валет е Југут и локална самоуправа | |
| 6 | Светски ден за заштита на водите | 22.03. | | -ЈПА Проаква<br>-Еко друштва | | |
| 7. | Патронен празник на ОМУ Методи Патче | 07.04. | | ОМУ Методи Патче | Локална самоуправа | |
| 8. | Патронен празник на ОУ Христо Узунов | 24.04. | с.Цер | - ОУ Христо Узунов<br>- плоштад | Локална самоуправа | Се ор прогр и гра цвеќе градо |
| 9. | Ден на Службата за безбедност | 07.05. - | УВР | УВР Охрид | Локална самоуправа | Град обезб |
| 10. | Ден на пожарникарите | 20.05 - | УВР | ПП бригада | Локална самоупорава | Фина прие пожа |
| 11. | Основање на 1/ва МУБ | 08.06. - | Локов | Сојуз на борци | Локална самоуправа | Деле свеж |
| 12 | Еко Фестивал | 21јуни | | -МРТ<br>-Министерство за култура<br>-Министерство за екологија | Локална самоуправа | Логи |
| 13 | Меѓународен филмски фестивал | 25јуни-05 јули | НУ центар за култура | Локална самоуправа | | Испр мани |
| 14 | Балкански фестивал | 08.-12.07. | | Министерство за култура | Локјална самоуправа | Фина градо на Со |
| 15 | Охридско Лето | 12.07-26.08. | | Министерство за култура | Локална самоуправа ЈП Охридски комуналец | Пома други излож пробл |
| 16 | Охридски маратон | ? | | Комитет за маратонско пливање | | Логи |
| 17. | Едриличарска регата | 31.07.-02.08. | | Едриличарски клуб АМАК - СП | Локална Самоуправа | Логи |
| 18 | Недела на Св.Климент | 07.-14.08. | | | Локална самоуправа | Се ор |
| 19 | Вечери на Живко Чинго | 13.08. - | с.Велгошти | МЗ Велгошти | Локална самоуправа | |
| 20 | Поетска ноќ во Велестово | 17.08 | | манифестацијата поетска ноќ | Локална самоуправа | Логи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Ден на граничарите | 15.08. | Св.Наум | | | Се п |
| 22 | Ден на АРМ | 18.08. | Касарна | АРМ | Локална Самоуправа | Деле мани |
| 23 | Меѓународен хорски фестивал | 22-25.08 | НУ Центар за култура | Охридски хор | Локална самоуправа | Логи |
| 24 | Охрид Фест | 25.08. | Долни сарај | | Локална Самоуправа | Логи |
| 25 | Ден на воведување турски наставен јазик | 15.11.1944 | | Локална самоуправа и Здруж. на граѓани „Карабеј мала“ | Локална самоуправа | Прис мани етни |
| 26 | Патронен празник на ДУТУ Ванчо Питошески | 18.11. | ДУТУ Ванчо Питошески | | Локална самоуправа | Прис мани Ванч |
| 27 | Патронен празник на ОУ Кочо Рацин | 21.12. | ОУ К.Рацин | ОУ Кочо Рацин | Локална самоуправа | Прис мани Рaци |

**Број 07-344/11-1**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008год.**
**Претседател** **Охрид**

**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на иницијатива за развивање на Локален еколошки акционен план на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

| | |
|---|---|
| **Број 08-344/12** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **28.02.2008 год.** | **Градоначалник,** |
| **О х р и д** | **Александар Петрески с.р.** |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ.бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид бр. 8/07) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 год.донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува иницијативата за развивање на ЛЕАП за подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Општина Охрид покажува спремност дека по завршувањето на процесот на изработка на ЛЕАП ќе учествува во програмата за спроведување на одредени активности на ЛЕАП документ.

**Член 3**

За спроведување на програмата општина Охрид ќе обезбеди сопствено учество од 50% од сумата која ќе ја побара Регионалниот еколошки центар (РЕЦ).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-344/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОЦЕНАТА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ, ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ, ЕПИТОФИИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на процената на загрозеност на територијата на општина Охрид од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28 .02.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОЦЕНАТА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ, ЕПИТОФИИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Процената на загрозеност на територијата на општина Охрид од природни непогоди епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи и мерки за заштита и спасување.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Процената на загрозеност на територијата на општина Охрид од природни непогоди епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи и мерки за заштита и спасување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/13**
**28.02.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

# ПРОЦЕНА
**НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ , ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ ЕПИТОФИИ, И ДРУГИ НЕСРЕЌИ**

## 1.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА

### *1.1.Географска положба и големина на подрачјето на општина Охрид*

Подрачјето на општина Охрид го зафаќа југозападниот дел од Република Македонија со изразито издолжен облик на земјиште и тоа во правец север - југ, должината изнесува од 60 км. а во правецот исток - запад, изнесува 17 км.

Ова подрачје лежи помеѓу $40^{o},55'$ и $41^{o},25'$ северна географска широчина и $20^{o},30'$ и $21^{o},15'$ источна географска должина. Површината на ова подрачје изнесува 1031 км$^2$. Дел од оваа територија зафаќа и поголемиот дел од Охридското Езеро што и припаѓа на Република Македонија .

Општина Охрид е пограничен регион кој граничи со Република Албанија, и тоа најголемата гранична линија е на вода, т.е. Охридското Езеро, а копнената гранична линија изнесува околу 5 км.

Низ ова подрачје поминуваат главните патни правци од Република Албанија и тоа: Албанија -Св.Наум - Охрид и Албанија - Ќафасан - Струга- Подмоље, како и магистралните патни правци Охрид - Скопје и Охрид - Битола.

Општината Охрид има добра патна инфраструктура и може да се каже дека сите населби се поврзани со асфалтни патишта. Проблем може да се јави само во зимски услови кога поради стрмност , голомразица или висок снег не може да се дојде до некои планински села.

Телефонски сообраќај е воспоставен во сите населени места каде постојано живеат луѓе, а со мобилната телефонија таа состојба е уште повеќе подобрена.

Патниот сообраќај го вршат поголем број превозннчки и такси компании и е на задоволително ниво.

Градот Охрид, каде и се наоѓа најголемиот дел од индустриските капацитети, нема фабрики кои би можеле да вршат некои поголеми загадувања на почвата,воздухот како и водите. Ако се земе предвид дека поголем дел од капацитетите не работат, ова не може да биде некоја поголема потенцијална опасност за еколошки катастрофи. Освен тоа во Охрид е веќе заокружена изградбата на системот за заштита на Охридското Езеро во кој се канализира скоро целата отпадна вода.

Проблем претставуваат дивите депонии на смет, кои во последно време ги има се повеќе како и нерегулирањето на официјалната ( инаку и таа е дива) депонија во Буково.

*1.2.Орографски - хидрографски и климатски особини*

Релјефот на овој регион е претежно ридско- планински со релативно затворени котлини (Охрид со охридското поле, Долна Дебарца, Горна Дебарца )низ кои течат повеќе помали реки. Повисоки се планините: Галичица со височина од 1735 м; Стогово; Караорман и Славеј со височини од над 2000 м; Илинска Планина и Буково со 1464 м.

Градот Охрид се наоѓа на 693 м надморска височина. Целото ова подрачје претставува котлина која е затворена со планини, а излезот е преку превоите Буково во правец на Битола и Пресека во правец на Скопје.

Геолошкиот состав на земјиштето на ова подрачје е многу разнообразен при што главно се среќаваат три вида почви и тоа : дилувиални, алувиални и калливи.

На подрачјето на с. Љубаништа има поголем број пештери, напуштени рударски окна, долови и сл.

Пошуменоста изнесува околу 85 % и тоа претежно листопадна шума, а во помал дел иглолисна и шикаресті грмушки.

Територијата на општина Охрид се одликува со поголем број водни акумулации , реки и извори. Секако најважна и најголема е Охридското Езеро, а потоа Слатинско Езеро, акумулацијата на браната "Песочан", природната акумулација кај с.Требеништа, а од реките поголеми се: Сатеска, Опеничко-коселска река и Летничка, со над 44 природни извори.

За подрачјето на градот Охрид поради близината на езерото се карактеристични високи подземни води кои ја усложнуваат изградбата на подземни објекти за засолнување.

Климата на ова подрачје е умерено континентална, а поради езерото има елементи на субмедитерански климатски особини. Така летата се умерено топли каде максималните температури ретко поминуваат на 32 $^{0}$Ц ( апсолутната максимална температура изнесува 34,4$^{0}$Ц), а зимите се поблаги со снег, кој кратко се задржува. Средната годишна температура изнесува 11,4$^{o}$Ц. Ретки се деновите каде живата на термометерот оди под -10$^{o}$Ц. Апсолутната минимална температура е 19 $^{o}$Ц со просечно 60 постудени денови.

Овој регион се карактеризира со голем број сончеви денови и просечно има 90 ведри дена.

За подрачјето на општина Охрид карактеристични се ветровите кои дуваат од копно кон езерото и обратно т.е. во правец север - југ. За летниот период карактеристичен е ветерот "Стрмец" со североисточен правец . Просечна јачина на ветровите е околу 4-6 м/сек. Иако поретко, сепак се јавуваат и екстремни ветрови со брзина од 25-30 м/сек кои знаат да предизвикаат и помали штети во градот и тоа: на објекти, на земјоделски насади и дрвја како и да предизвикаат големи бранови на

Охридското Езеро кои можат да причинат штети на пловни објекти или на објекти на брегот.

Во текот на годината на ова подрачје паѓаат 800 - 1000 литри на м$^2$ површина, па според тоа овој регион спаѓа во редот на подрачја со средни врнежи. Според видот на врнежите, најчести врнежи се оние од дожд. Во градот Охрид и поблиската околина, каде е поизразена медитеранската компонента на климата, во зимските месеци паѓа снег, но со послаб интензитет отколку во другите региони во државата и најчесто овој снег не се задржува подолго од неколку дена. Во другите делови на овој регион особено во повисоките места (спрема Буково и Горна Дебарца) паѓаат пообилни врнежи од снег чија дебелина знае да биде и над 50 см.

### *1.3.Демографски карактеристики*

Подрачјето на општина Охрид како и 24 селски населби кои припаѓаат на општината, се со вкупен број од 55.743 жители, со просечно 4 члена во семејството. Просечно на 1 км$^2$ живеат 62 жители. По националниот состав има: Македонци 84%, Турци 4.5 %, Албанци 5%, а останатите 6.5% други етнички заедници (Египќани, Срби, Власи и др.)

Градот Охрид се карактеризира со:

- густо урбанизиран централен дел од градот каде доминираат висококатници (со над 5 ката);
- густо урбанизиран стар град со тесни улици каде не може да се оди со камиони или цистерни;
- периферен дел од градот каде преовладува индивидуална станбена градба, но некои населби како: Видобишта, Даљан, Лескајца и Железничка и др. имаат тесни улици каде пристапот со товарни возила е отежнат и
- индустриски дел од градот каде се сместени најголемиот дел од производствените и други економски капацитети во градот. Дел од нив работат, а другите поради транзициските процеси се затворени.

Објектите во градот, во најголем дел се изградени од армирано - бетонска конструкција, но со оглед на менталитетот на луѓето,како и немање соодветна законска регулатива и контролна функција на инспекциските органи, може да се каже дека сигурно најмалку 50 % од истите не би ги поминале строгите норми на асеизмичка градба.

Поголемиот дел од селските населби се наоѓаат на надморска височина, над 1000м. демографски се полупразни, а некои дури и празни.Овие населби немаат економски капацитети, така што населението се занимава се екстензивно сточарство и земјоделство,исто така немаат изградено институционална инфраструктура и комуникациски се скромно уредени ( со мобилната телефонија оваа состојба е нешто подобрена). Тоа пред се, се однесува на населбите од т.н. Галичка општина, односно населбите на планината Галичица и населбите од с. Косел спрема Битола .

Со оглед на економската моќ на населението, населеноста на овие села, квалитетот на градбите во ова подрачје се движи од најслаби објекти изградени од камен и плитар (20 %) , објекти со потпорни ѕидови и плочи (40 % )од објектите и останатиот дел од армирано-бетонски конструкции, но без извршена контрола на градбата.

## 2.Загрозеност од земјотреси , урнатини и рударски несреќи

Охридскиот регион е доста хетерогена по своите сеизмички, геолошки и инженерско-геолошки својства, условена од активно дејство на земјотресите. Од тој аспект посебна важност се раседите што се протегаат долж источниот брег на Охридското Езеро кон планината Галичица и источниот раб на охридското поле.

Овој простор на охридската котлина е во состав на сеизмичката активност на регионалниот расед на западната падина на Галичица , како и на сеизмичките дејства од локалните и подалечните епицентрални жаришта кои имаат влијание на овој простор со интензитет на земјотреси од 7 - 9 степени МЦС ( Меркалии-Цанцани-Сиеберг).

Охрид се наоѓа во Дримската сеизмогена зона која е прва сеизмогена зона со М= 6,1-7,8 односно се очекуваат земјотреси со максимални магнитуди М=6,5-8.0 во должина преку 80 км, која се одликува со концентрација на земјотреси во повеќе подрачја( Корча, Охрид, Дебар, Пешкопеја)

Регистрирани се повеќе епицентри во поблиската околина на Охрид со јачина од 8-9 степени по МКС кај Св. Размо, над с. Д. Лескоец, кај месноста Билјанини извори, Љубаништа и кај Пештани.

Делот од просторот на ридот, стариот град и делот од падината на планината Петрино во однос на рамнинскиот дел во охридското поле за најмалку еден степен поиздржливи на земјотреси, додека крајниот источен дел , поранешното мочуриште е почувствителен во однос на останатиот рамнински дел.

Во случај на земјотрес, со сегашната поставеност на колекторскиот систем постои опасност од негово слевање и предизвикување на епидемии со несогледиви последици врз луѓето и животната средина.

## 3.Загрозеност од поплави и уривање на високи брани

Општина Охрид зафаќа 203 км2 копнена и 181 км2 водена површина, но благодарение на климатските карактеристики , во изминатиот подолг период не се регистрирани поплави кои би предизвикале загрозеност од поголеми размери. Тоа не значи дека е исклучена можноста од такви појави во наредниот период.

При пообилни врнежи, загрозување може да предизвика излевањето од речните корита на Коселска река, Скребатска река, реката Сушица( Летничка) која минува низ густо населени стари индивидуални куќи и реката Грашница по чие течение можат да бидат поплавени околу девеесет хектари обработлива површина како и индивидуални станбени згради во пониските делови од населбите Даљан и Воска.

## 4.Загрозеност од снежни намети , лавини и луњи

Климата на охридскиот регион е умерено континентална, модифицирана според локалните влијанија. Охридскиот регион е во извесна мера и под влијание на медитеранската клима што предизвикува специфичен од на метеоролошките елементи.

Во Охридско - преспанската котлина снежни врнежи се јавуваат просечно од 20-40 дена во годината обично во половината на месец март, а просечната висина на снежната покривка изнесува под 20см. Врнежите претежно се од дожд , од кои 30% во вегетациониот период , а 15% снег.

Според извршената проценка одделно по гранки, загрозеност од снежни намети, лавини и луњи би имало во: патничкиот сообраќај , во ПТТ сообраќајот и во преносната електрична мрежа.

Во патничкиот сообраќај, на територијата на општина Охрид имајќи ги предвид климатските услови, нема зачестени намети од снег во зимскиот период. Меѓутоа

покрај редовното одржување на патните правци за зимско одржување на патиштата се организираат мобилни екипи кои се грижат за итно отстранување на последиците во случај на појава на лавини.

Патни правци кои најчесто се подложни на намети од снег и голомразица, а поради тоа и можност за нивна непроодност се:

Прентов мост - Куратица
Прентов Мост - Речица - Плаќе
Прентов Мост - Свињишта
Пештани - Св.Наум

За проодноста на магистралните и регионалните патни правци се грижи ЈП "Македонија-пат", за улиците во градот Фондот за комунален развој при Општина Охрид и ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид, а за одржување на проодноста на локалните патни правци кон селските населби Општина Охрид има договор со ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид и со неколку приватни фирми.

Во ПТТ сообраќајот и во преносната електрична мрежа нема сериозно загрозување . ПТТ сообраќајот и преносната електрична мрежа во поголемиот дел на градот се одвива со подземни кабли, снежните намети немаат негативни влијанија и не може да предизвикаат никакви последици. За разлика од нив, на

штетни влијанија од снежни намети се изложени надземните водови на телефонскиот сообраќај и електричните водови.

## 5.Загрозеност од пожари и експлозиви

Пожарите можат да бидат на отворен простор ( шумски комплекси ), на објекти и пожари на моторни и други возила.

Територијата на општина Охрид изобилува со шуми и шумско земјиште особено во масивот на Мазатар и Буково со околу 16.000 хектари дабова, букова и борова шума, со добро изградена патна инфраструктура на земјени шумски пасишта, како и Националниот парк "Галичица", кој изобилува со ниско стеблеста шума и помал дел букова шума.

На територијата на општина Охрид од 2001год. до 2007год според статистичките податоци, загрозеноста од пожари е следната :

| година | пожари во објекти | пожари на отворен простор | пожари на ПМТ-ТМВ | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 89 | 157 | 14 | 260 |
| 2002 | 76 | 74 | 12 | 162 |
| 2003 | 76 | 63 | 23 | 162 |
| 2004 | 73 | 74 | 16 | 164 |
| 2005 | 69 | 70 | 11 | 150 |
| 2006 | 58 | 73 | 24 | 155 |
| 2007(зак.III тримесечје) | 69 | 179 | 10 | 255 |
| вкупно | 510 | 690 | 110 | |

Од споредбата во периодот од 2001год. до 2007год. за загрозеноста на општина Охрид , меѓу пожарите на отворен простор, шумските пожари и пожарите на патнички моторни возила( ПМВ ) и товарни моторни возила(ТМВ) се гледа дека најголем број

пожари се на отворен простор 690 , на објекти 510 и најмалку на ПМБ и ТМБ 110 пожари.

Пожарите на отворен простор односно шумските пожари се случуваат во летните месеци , најголем дел предизвикани од луѓето со нивното несоодветно однесување и негрижа при престој во шумските комплекси, со бесправна сеча и др., а со оглед на временските услови , како и заради несоодветно преземените мерки за заштита од страна на шумските стопанства и земјоделските организации брзо се прошируваат и зафаќаат големи површини.

Карактеристични примери на непосредни причинители за појава на пожари се и неисправни и дотраени електрични инсталации, несоодветно ракување со плинска инсталација, оштетени оџаци, користење на лесно запаливи градежни материјали и др.

На територијата на Општина Охрид функционира една професионална противпожарна единица со 1 командир на ТППЕ, 5 командири на одделение, 10 пожарникари и 9 возачи пожарникари, што според Законот за пожарникарство, "Сл.весник на РМ" бр.67/2004год.структурно и бројчано не ги задоволува потребите согласно систематизацијата и законските критериуми.Опремата со која располага ТППЕ ги задоволува потребите на ТППЕ Охрид за постигнување оптимален минимум на квалитетна , навремена и стручна заштита и спасување од пожари и други несреќи.

| Ред.бр | Тип на опрема | Количина | Состојба |
|---|---|---|---|
| 1. | Навално пп возило Застава | 1 | |
| 2. | Специјално пп возило ВПС-ФАП | 1 | |
| 3. | пп цистерна ФАП 13 | 2 | |
| 4. | пп цистерна Мерцедес | 1 | |
| 5. | Нвално пп возило ФАП 13 | 1 | неисправно за расход |
| 6. | Теренско Лада Нива | 1 | |
| 7. | Механички скали ПИЛ 23 | 1 | |
| 8. | Приколки за транспорт на роба | 2 | |
| | | | |

Според нашата проценка на загрозеност овој регион го делиме на два дела и тоа:

А. Загрозеност на градот и населените места

Б.Загрозеност на шумите, пасиштата и поседите (од пожар на отворен простор).

Градот Охрид и другите населени места според специфичностите ги делиме на три дела и тоа:

1.Стар град со следните карактеристики:

- густо збиени објекти, што би значело дека пожарот лесно би можел да се пренесува од куќа на куќа;
- тесни улици каде во најголем дел не би можела да помине ПП цистерна. Затоа треба да се направи посебна стратегија за гаснење на пожарите. Прво треба да се види низ кои улици може да се движи ПП цистерна, па тоа да се искомбинира со постојните ПП хидранти како и можноста за полнење вода директно од езерото, па на основа на овие податоци да се направи план за гаснење пожари и
- голем број културно-историски споменици за кои треба да се води посебна грижа.

2. Централно градско подрачје со следниве карактеристики:

- широки улици каде пристапот на ПП возилата е добар;

- слабо изградена ПП хидрантска мрежа и
- голем број на висококатници што бара посебна опрема за заштита и гаснење на пожари .

3.Периферен дел од градот и селските населби со следниве карактеристики:

- слабо изградена ПП хидрантска мрежа;
- ниски станбени објекти со релативно добар пристап на ПП возила;
- на периферијата на градот се наоѓаат и индустриските капацитети на општината Охрид и
- во кругот на дворовите има голем број стопански објекти и тоа: штали, амбари, магацини за сточна храна, чување на гориво за механизацијата и други лесно запаливи материјали.

Можноста за појава на пожар на отворен простор е секогаш присутна.

Со шумите на ова подрачје стопанисуваат ЈП "Галичица", НП "Галичица" и ЈП " Охридски Комуналец" за површините во градот ( парковите и градското зеленило).

Ако на почетокот беше речено дека за ова подрачје пожарите на отворен простор не се карактеристични, тоа не значи дека таква опасност нема или дека не е исклучена можноста од настанување на големи шумски пожари.

Таа опасност е присутна особено во месеците јули, август и септември.

Најлошо сценарио на шумски пожар е доколку тој се појави во густо пошумените и непристапните за возила планински подрачја со кои општината Охрид изобилува.

Општината Охрид имаа релативно добра покриеност со природни водотеци, извори и бунари од каде би можело да се црпи вода, а за употреба на хеликоптери за гаснење на пожари, вода би се црпело од Охридското Езеро.

Од горенаведеното може да се заклучи дека:

Најголема загрозеност од пожари има во периферијата на градот Охрид и селските населби, па стариот град и на крајот централното рамничарско јадро на градот.

Пожарите на отворен простор не се карактеристични за ова подрачје, но доколку се појават најголема опасност би претставувале непристапните и густо пошумени подрачја.

За посебните подрачја на загрозеност опишани погоре, треба да се изработат посебни стратегии и начини за гаснење пожар.

За пожарите на отворен простор, да се работи на превентивата како и контрола и помагање на стопанските субјекти кои стопанисуваат со шумите.

## 5.1 Загрозеност од експлозии

Загрозеноста од пожари и експлозии, се процеси кои меѓу себе се тесно поврзани и тешко одделиви. На ниво на општина Охрид, загрозеност од експлозии би имало заради постоењето на субјекти кои работат со опасни и штетни материи, пр

икажани на табелата, како и превентивните и заштитни мерки:

| **р.бр** | **субјект** | **вид на опасни материи** | **превентивни и заштитни мерки, преземени од самиот субјект** |
|---|---|---|---|
| 1. | Бензинска пумпа МОБИ ПЕТРОЛ | течен нафтен гас<br>нафтени деривати | Извршено испитување од Биро за метеорологија - Скопје |
| 2. | Бензинска пумпа ПЕТРОЛ | течен нафтен гас<br>нафтени деривати | |
| 3. | Бензинска пумпа ЦРНА РЕКА | течен нафтен гас<br>дизел горива<br>бензини | |
| 4. | Бензинска пумпа ДИМЕ ПЕТРОЛ | дизел Д1, безоловен 95<br>безоловен 98, тнг,<br>екстра лесно, евро дизел | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Бензинска пумпа ИТТ дооел- Охрид Железничка | дизел Д1, безоловен 95 безоловен 96, тнг, екстра лесно, безоловен 90 | Постапка по Елаборат за заштита од сите видови опасности со зони на опасност и ПП заштита |
| 6. | Бензинска пумпа ИТТ дооел- Охрид ( ТАЦИ) Горенци | дизел Д1, безоловен 95 безоловен 96, тнг, екстра лесно, безоловен 90 | Постапка по Елаборат за заштита од сите видови опасности со зони на опасност и ПП заштита |
| 7. | дооел ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДЗД Охрид | ацетилен, јаглероден диоксид, аргон, азот, хелиум, пропан-бутан, гасна смеса | Се чуваат во специјален метален магацин, одвоени едни од други. Магацинот е заштитен со громобранска инсталација |
| 8. | Т.Д МИЛТ Охрид | ацетилен, јаглероден диоксид, аргон,азот, хелиум, пропан-бутан, гасна смеса | Се чуваат во специјални боксови, зазејмени и заштитени со громобранска инсталација |
| 9. | ГД ГРАНИТ АД Скопје ОЕ 03 ОХРИД | Експлозив, railcapisli, фитил, нафта | Се чуваат во специјалени магацини за ЕМ, имаат чуварска служба |
| 10. | дооел ЛОТЕ Охрид | Експлозив, railcapisli | Магацин за ЕМ |
| 11. | МАКПЕТРОЛ АД Скопје | запаливи течности и течни нафтени гасови, керозин | подземни резервоари, ги имаат сите мерки според постојните технички прописи |

### 6.Загрозеност од неексплодирани убојни средства

Од неексплодирани убојни средства (НУС) во општината Охрид до денес настрадале 89 лица од кои 12 загинати, 34 тешко и 43 лесно повредени лица. Овие случаи се забележани пред се до 1965 година, односно после Втората светска војна кога по теренот имало голем број на НУС.

Инаку на ова подрачје се среќаваат и мини и гранати од Првата светска војна, особено на планината Галичица и во езерото. Таму била фронталната линија, а при повлекувањето на силите на Централната Оска, голем број мини биле фрлени и во езерото.

Кај овие средства треба да се внимава бидејќи некои од нив содржат и бојни отрови кои се користеле во оваа војна.Таквите гранати на врвот имаа прстени во боја.

Места каде се среќаваат НУС од постар датум се:

- с.Пештани и тоа и на планината над селото и во езерото;
- планината Галичица.

Како потенцијални места од експлозии на експлозивни материјали се фирмите каде тие се чуваат: бензиските пумпи кои складираат плин, магацини на експлозив и сл.

**П Р Е ГЛ Е Д**

на локации каде има НУС ( неексплодирани убојни средства)

| **ред.бр** | **локација** | **вид на НУС** | **степен на проверка на теренот** | **забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Брегот кај с. Пештани (плажите и под вода) | Гранати од 105,120,122мм Минифрлачки мини од 60 и80мм | Добра | Со изградба на колекторот |
| 2. | Над с.Пештани под пл. Гуменци | Гранати од 105,120,122мм Минифрлачки мини | Слаба | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | од 60 и80мм | | | на под рач јет о на оп шт ина Ох рид |
| 3. | Галичица на потегот од Поле - Лако Сигној-Томорос-Голем Рид | Гранати од 105,120,122мм Минифрлачки мини од 60 и80мм Куршуми | Слаба | | |
| 4. | Во водите до брегот на потег помеѓу Трпејца и Градиште | Гранати од 105,120,122мм Минифрлачки мини од 60 и80мм | Слаба | | |

## 7.Загрозеност од свлечилишта и лизгање на земјиштето

Иако оваа природна непогода не е типична за ова подрачје, сепак од поранешното искуство, забележани се и такви случаи. Причините за неа лежат во видот и структурата на почвата, сечењето на шумите, а настануваат при обилни

врнежи од дожд и при голема заситеност на почвата со вода. Случај на лизгање на земјиштето имало во 1963 година во близина на селото Требеништа каде при лизгање на земјиштето имаше две човечки загуби и притоа се создаде вештачка акумулација на Требенишка река.

Места каде е забележана појава на свлечилишта се:
-источните падини на с.Оровник:
-источната страна на с.Вапила кај с. Косел и с.Куратица.
-мали свлечишта се забележани кај с. Велестово и с.Коњско.

## 8.Загрозеност од епидемии на заразни заболувања

Епидемиолошката дејност во општина Охрид се спроведува врз основа на Законот за здравствена заштита , Законот за заштита на населението од заразни болести, подзаконски акти од оваа област,како и врз основа на Програмата која ја донесува Владата на Р.М.

### 8.1.Хигиенско - епидемиолошка состојба на територијата на општина Охрид

Хигиенско-епидемиолошката состојба на територијата на општина Охрид е несигурна. Заразните болести се јавуваат различно и се без тенденција за ширење.

### 8.2.Заразни заболувања во период од 2002 до 2007г.

Најчести пријавувани акутни заразни заболувања се: ентероколит, чијшто број на пријавени болни е приближно 46,3% од вкупниот број регистрирани заразни заболувања. На второ место е варичела, потоа хепатитис А, Б и Ц, кој има пораст на заболени особено кај младата популација за последните две години, бруцелоза и

акутни труења со храна (салмонелози и стафилококни труења), особено во летниот период. Просечниот годишен морбидитет изнесува 358/100000 жители

**ПРЕГЛЕД НА ЗАБОЛУВАЊА**

| Вкупно рег.број на акутни заболувања | Вкупен број на заболени од бруцелоза | Заболени од хепатит Б и Ц за 2006год. | Заболени од хепатит Б и Ц за 2007год. |
|---|---|---|---|
| 998 | 19 | 32 | 34 |

### 8.3. Санитарно-хигиенска состојба на објектите за водоснабдување

Општина Охрид има вкупен број на жители 55 743 жители , со 24 селски населби кои припаѓаат на општината.

За снабдување на градот Охрид со вода за пиење каптирани се : Билјанини извори, но тие не се секогаш полноводни , изворите Поник, Биглиште, Летница и водите од бунарите Бејбунар. Во летните месеци поради недостиг на вода се користи езерска вода преку пумпната станица кај х. "Метропол".

Изградени се четири резервоари и тоа : Метропол , Рамне, Билјанини извори и Варош.

На градскиот водовод се приклучени и следните селски населби: дел од с. Елшани, с.Долно Коњско, с. Пештани, с. Орман, с. Велгошти, како и дел од с. Лескоец. Водата од изворите, резервоарите и каптажите за водоснабдување на градот Охрид и селските населби приклучени на градскиот водовод, перманентно се хлорира со гасен хлоринатор, од страна на МЈП "Проаква" и се во зона на строг санитарен надзор.

Останатите селски населби поседуваат свои сопствени водоводи, за чие одржување се грижат самите месни заедници. Треба да се нагласи дека тие се со нечисти каптажи и резервоари и хлорирањето на водата се врши привремено.

Преглед на резултатите од извршените анализи на ЈЗУ Завод за здравствена заштита, за првите девет месеци од 2007г.

| број на мостри на вода за пиење | хемиски неисправни | бактериолошки неисправни | одржувањето на водата го врши |
|---|---|---|---|
| 570(мерни места на градот Охрид) | 2,3% | 1,5% | МЈП "Проаква" |
| 58(мерни места од селата кои имаат свои водоводи) | 79,3% | 39,6% | месната заедница |
| | | | |

(Високиот процент на хемиски неисправни мостри се должи на нередовно хлорирање на истата , а тоа пак е причина за бактериолошката неисправност на водата.

## 9.Загрозеност на животните и производите од животинско потекло

Општината Охрид располага со скромен фонд на добиток и живина.

Според податоците на овластената ветеринарна станица Прима Вет, во општината Охрид има 1400 глави крупен добиток, 8000 ситен добиток( овци и кози), 50000 живина и 4000 свињи.

Одгледувањето на добитокот во голем дел, се уште е на застарен начин т.е. се одгледува за свои потреби, а вишокот се продава. Ваквиот начин на одгледување ( без регистрација на добиточниот фонд, со скромна ветеренарна контрола , продажба и набавка на добитокот без претходни испитувања на истите, трговија со шверцувана стока и сл) дава можности за развивање и ширење на болести кај добитокот .

Добитокот кој се одгледува на современ фармерски начин со постојана ветеринарна контрола не е така подложен на болести, а и доколку се појават истите се санираат навреме.

Начинот на одгледување, исхраната и условите за сместување, едуцираноста на одгледувачите на добиток, се основните услови за појавата на загрозеност од заразни болести кај домашните животни.

На територијата на општина Охрид во изминатиот период и сега присутни биле и се уште ги има заразните, паразитските и други болести.

Во групата на најчести **заразни болести** кај животните на територијата на општина Охрид присутни се: туберколоза, чума кај свињите, атипична чума кај живината , црвеница кај свињите, ентеротоксемија кај овците и козите, заразен пролив кај јагнињата, заразна кривотница кај овците, заразно пресушување на гниење на грозјето, кадравост на лисјата од праските, пламеница кај доматите, компирот, кромидот и др., а кај шумските растенија боровиот свиткувач и боровиот четник.

Заштитата на растенијата се врши со агротехнички мерки кои најчесто се спроведуваат стихиски без доволна контрола на стручни лица, многу често со препарати без сертификат за исправност ( бидејќи се поефтини) .

За заштитата на растенијата од болести покрај сопствениците на истите, свои надлежности има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Центарот за унапредување на сточарството и земјоделството .

## 11.Загрозеност од радиолошка контаминација и акциденти со опасни материи

Територијата на општина Охрид не е директно загрозена од радиолошка контаминација бидејќи во општината нема индустриски капацитети кои работат со вакви материи. Единствено како опасни можат да се јават радиоактивни громобрани, кои се поставени во изминатиот период и покрај нивната забрана за работа тие се уште постојат. Тоа може да претставува опасност за населението и животната средина.

**П Р Е Г Л Е Д**

на радиоактивни громобрани на територијата на општина Охрид

| р.бр. | **субјект** | **вид на опасна материја** | **класа на опасна материја** | **вид на садови** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | АД ЕМО Охрид Косел | Радиоактивен громобран | 7 | оловно јадро |
| 2. | АД Охрид Турист х.Палас -Охрид х.Десарет- | Радиоактивен громобран | 7 | оловно јадро |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | с. Пештани<br>Автокамп с. Љубаништа<br>Комплекс Летница | | | |
| 3. | АД ОТЕКС Охрид | Радиоактивен громобран автоматски јонизациони јавувачи на пожар | 7 | оловно јадро<br><br>инсталирани на носечки сајли и тавани |
| 4. | АМАК СП Охрид | Радиоактивен громобран | 7 | оловно јадро |

## 12.Загрозеност од поголеми сообраќајни несреќи

Со зголемување на бројот на моторни возила, особено во летниот период кога Охрид како туристички центар е просто преблокиран од возила, а сообраќајот густ како за влез така и за излез од Охрид, како и со зголемувањето на фрекфенцијата на авионскиот сообраќај, како една од формите на загрозеност на населението која бара изработка на подготовка за справување со неа, се наметнуваат и сообраќајните несреќи и тоа како оние на патиштата така и авионските несреќи.

Уште повеќе, поради фактот што во нашата општина веќе се има случено една авионска несреќа во која немаше преживеани, треба да се оформат служби кои би реагирале доколку при евентуална авионска несреќа има преживеани чиишто животи би зависеле од брзината на нивното спасување.

За сообраќајните несреќи на патиштата, особено треба да се води сметка за опременоста на ТППЕ - Охрид која интервенира во случаите кога во сообраќајката има луѓе заглавени во настраданите возила. Таа мора да има современи комплети на опрема за сечење на метал и извлекување на луѓе од хаварисани возила.

## 13.Загрозеност од други вондредни состојби

Територијата на општина Охрид, впрочем како и секоја друга општина, може да биде загрозена, односно одредени области од секојдневниот животот можат да бидат доведени до степен на неизвршување или отежнато извршување.

Причини за тоа можат да бидат воени дејства што се предмет на обработка на посебен план за заштита во услови на војна, но и немири на одредени простори, штрајкови на вработени во одредени служби со кои би се загрозиле одредени дејности ( на пр. повеќедневен штрајк на комуналните работници во летната сезона или сообраќајните претпријатија или штрајк со блокада на патишта и сл).

За справување со вакви кризи е потребно да се има секогаш ажуриран преглед на луѓето и опремата со која располага во општината, соработка со Дирекцијата за ЗС и другите државни органи и служби како и другите соседни општини, па навреме да се детектира проблемот и напоредно со решавање на неговата суштина да се вклучуват дополнителни луѓе, техника и опрема за ублажување на последиците.

За заштита и спасување на населението и материјалните добра од воени дејства врз основа на проценката за загрозеност на просторот на Република Мекедонија со Одлука на Владата на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.105/05) се утврдени зоните на загрозеност на Републиката.

Притоа целиот простор на државата е поделен на четири зони на загрозенист од кои првата е со најголем степен на загрозеност, а четвртиот со најмал степен на загрозеност.

Општина Охрид се наоѓа во втор основен степен на загрозеност, а тоа се простори со висок степен на загрозеност -простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на одвивање на воени дејства.

Согласно гореизнесените и проценети зони, Општина Охрид е должна во своите урбанистички планови да врши планирање и изградба на објекти за заштита на населението.

Во оваа област своја надлежност има и Дирекцијата за заштита и спасување која дава мислења за застапеноста на оваа мерка за заштита и спасување.

Соодветно на степенот на загрозеност на општината Охрид се планираат и градат засолништа со следниве карактеристики:

1.засолништа за дополнитена заштита со капацитет до 50 КПа (килопаскали);
2. засолништа херметизирани од 50 КПа и
3.засолништа од 25 КПа.

Согласно проценката за загрозеност на територијата на општина Охрид, таа е поделена на зони на загрозеност кои се опфатени со урбанистичките планови и инвеститорите во зависност од тоа каде се наоѓа објектот кој се гради, доградува и сл. со што ја исполнуваат оваа обврска за обезбедување на објекти за заштита.
Покрај овие наменски простори за заштита и спасување на населението, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување во посебен Анекс на урбанистичките планови , евидентирани се и објекти, простори, пештери и други погодни простории, кои можат да се користат за оваа намена.

## 14.Загрозеност од техничко- технолошки несреќи и заштита на животната средина

Техничко-технолошкиот развој, начинот на живеење, зголемувањето на сообраќајот, начинот на производство и користењето на разни видови опасни материи придонесуваат за загрозување на животната средина.

Животната средина е ограничен ресурс, кој во одделни средини, а и во глобални рамки е доведен на граница на издржливост.

Потенцијални субјекти за загрозување од техничко - технолошки несреќи , на ниво на Охрид се следните :

| р.бр. | субјект | вид на опасни материи | забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | АД Градинар Охрид | амонијак( се чува во резервоар) | Инсталацијата не се одржува и не се користи |
| 2. | МКЕ доо Охрид | солна киселина, натриум хидроксид, бои и разредувачи | |
| 3. | АД ЕМО Охрид | бои и разредувачи, смоли, киселини | |
| 4. | АМАК СП Охрид | солна киселина, сулфурна к-на,азотна к-на,хромна к-на,На-цијанид,К-цијанид | |
| 5. | ТГЦ Леарница Охрид | ФИМ8 Варинска тарифа:34029090 и 28151100 | |

## 15.ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

За справување со елементарните и други несреќи и последиците кои тие ги предизвикуваат, системот за заштита и спасување во општинита Охрид е организиран согласно Законот за заштита и спасување и подзаконските акти кои се произлезени од него.

Системот за заштита и спасување е организиран на две нивоа, и тоа локално со формирање на просторни штабови и единици и државно со формирање на републички штаб и републички сили за заштита и спасување.

На локално ниво, сили за заштита и спасување формира локалната самоуправа како и трговските друштва, државните органи и служби.

Трговските друштва, фирмите, органите и организациите во општина Охрид ги имаат формирано следниве сили за заштита и спасување:

| **ред. број** | **трговско друштво, орган кој формира сили за ЗС** | **раководење со силите** | | **јачина на единицата** | **забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **штаб** | **повереник** | | |
| **1.** | **ТЦГ Леарница** | **1** | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Покрај овие сили, во општината постојат и работат и јавни претпријатија, трговски друштва и фирми со значителни капацитети кои можат да бидат вклучени во акциите за заштита и спасување како што се (следува преглед) :

**ПРЕГЛЕД**
**на возила и механизација со кои располагаат**
**фирмите во општината Охрид (стара поделба)**

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И СЛУЖБИ

| ред бр. | НАЗИВ НА ФИРМАТА | телефон за контакт | Тов.возило до 7 т. | Тов.возило Над 7 т | Камионска приколка | Влекач | ПП-возило | Минибус/ комби | Автобус | Пат.возило Пик ап | Трактори | Булдозер | Утоварач | Багер | Ровокопач | Грејдер | Цистерна | Теренско возило |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈП АЕРОДРОМ | 25 28 20 | | | | | 2 | 2 | 1 | 4 | 2 | | | | | | | |
| 2. | ЈЗУ "ОПШТА БОЛНИЦА" | 26 72 67 | 1 | | | | | 1 | | 9 | | | | | | | | 1 |
| 3. | СВ.ЕРАЗМО-ИНСТИТУТ ЗА ОРТОПЕДИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА | 27 27 00 | | | | | | | 1 | 4 | | | | | | | | |
| 4. | КАРДИОЛОШКА БОЛ ???/ | 27 72 00 | | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| 5. | ЕЛЕКТРО-ОХРИД | 26 36 66 | 7 | | | | | | | 18 | | | | | | | | |
| 6. | ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ | 26 33 25 | | 7 | | | | 2 | | 10 | 2 | | 2 | | 2 | | 1 | 1 |
| 7. | УВР-ТППЕ - ОХРИД | 26 20 10/93 | | | | | | | | | | | | | | | 5 | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | МАКЕД.ШУМИ ГАЛИЧИЦА | 25 46 41 | | | | | | | 1 | 3 | | 2 | | | | | | 5 |
| 9. | НП ГАЛИЧИЦА | 26 14 73 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 10. | ОХРИДСКО ЕЗЕРО | 25 43 89 | | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| 11. | ПРОАКВА | 25 01 20 | 6 | | | | | 2 | | 12 | | | | 1 | 1 | | | |

## ПРЕГЛЕД
## НА БОЛНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

| **ред. број** | **НАЗИВ НА БОЛНИЦАТА/УСТАНОВАТА** | **АДРЕСА** | **ЗАБЕЛЕШКА** | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ЈЗУ "Општа болница"** | **"Сирма Војвода"Охрид** | | |
| **2.** | **Институт за ортопедија и трауматологија"Св.Еразмо"** | **Св.Еразмо-Охрид** | | |
| **3.** | **Кардиолошки завод населба * Св. Стефан*** | **населба * Св. Стефан* Охрид** | | |
| | | | | |

Покрај овие големи јавни установи, во општината работат и повеќе приватни ординации, амбуланти и аптеки.

## ПРЕГЛЕД
### на возила и механизација со кои располагаат фирмите во општина Охрид (стара поделба)

### Производни фирми /транспортни/ градежни

| ред бр. | НАЗИВ НА ФИРМАТА | телефон за контакт | Тов.возило до 7 т. | Тов.возило Над 7 т | Камионска приколка | Влекач | ПП-возило | Минибус/ комби | Автобус | Пат.возило Пик ап | Трактори | Булдозер | Утоварач | Багер | Ровокопач | Грејдер | Цистерна | Теренско возило |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЛИХНИДА - ОХРИД | 25 41 41 | 4 | | | | | | | 4 | | | | | | | | |
| 2 | ЕМО-ОХРИД | 20 46 01 | 23 | 8 | | | | 2 | | 29 | | | | | | | 2 | 2 |
| 3 | АМАК СП - ОХРИД | 26 22 27 | 2 | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| 4 | ЖИТО-ЛЕБ ОХРИД | 26 25 50 | 10 | | | | | | | 8 | | | | | | | | |
| 5 | АЛАТНИЦА-ОХРИД | / | 1 | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| 6 | ГАЛЕБ - ОХРИД | 25 18 82 | 8 | 47 | | 9 | | 7 | 26 | 7 | | | | | | | | |
| 7 | ОХРИД - ЕКСПРЕС | / | | | | | | | 3 | | | | | | | | | |
| 8 | ОХРИД - ТУРС | 26 09 10 | 2 | | | | | 2 | | 5 | | | 1 | 1 | | | | |
| 9 | БЕТОН - ОХРИД | 25 02 11 | 1 | 2 | | | | 1 | 1 | 2 | | | | 1 | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | ГРАНИТ - ОХРИД | 23 10 50 | 2 | | | | | | | 4 | | | | | | | | |
| 11 | ТРУДБЕНИК - ОХРИД | 23 14 08 | | | | | | 2 | 1 | | | 1 | 1 | | 1 | | 1 | |
| 12 | ПОБЕДА с.БОТУН | 070 232 035<br>28 67 78 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 13 | БРАНКО с.ЛЕСКОЕЦ | 070 232 353 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 14 | БОРЕ СЕКУЛОСКИ-Мутлак | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | ГИЦА | 25 44 30 | | * | | | | | | | | * | | | | | | |

## ПРЕГЛЕД НА ФИРМИ КОИ МОЖАТ ДА ОБЕЗБЕДАТ ТРАНСПОРТ

| ред. број | НАЗИВ НА ФИРМАТА | телефон за контакт | забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | АД"ГАЛЕБ" | 251 882 | |
| 2. | ТП "ОХРИД-ЕКСПРЕС" | 253 573 | |
| 3. | ПП "МЕРЦЕДЕС-ТАКСИ" | 91 49 | |
| 4. | ПП "СУПЕР МЕРЦЕДЕС" | 9184 | |
| 5. | ПП "БЕЛ МЕРЦЕДЕС" | 263 807 | |
| 6. | ПП "СУЗУКИ" | 263 000 | |
| 7. | ПП "МОБИ-ДИК" | | |
| 8. | ПП "АКТУЕЛ" | 9183 | |
| 9. | ПП "БОСС" | | |
| 10. | ПП "ЛЕБЕД" | 9181 | |
| 11. | ПП "ЗЕБРА" | 9197 | |

## ПРЕГЛЕД
## НА ХОТЕЛИ, ОДМОРАЛИШТА И КАМПОВИ СО НИВНИТЕ СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ

| ред. број | ХОТЕЛ/ ОДМОРАЛИШТЕ МОТЕЛ, КАМП | КАПАЦИТЕТ | ТЕЛЕФОН | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | СУТЈЕСКА | КАПАЦИТЕТИ: Хотел - 26 со 4035 легла со 1640 соби<br>Моте - 3 со 238 легла со 89 соби<br>Кампови - 4 со 4582 легла со 1240 соби<br>Одморалишта - 8 со 3466 легла со 1073 собо<br>*ВКУПНО; - 43 со 12321 легла со 4042 соби*<br>*Приватно сместување со 16348 легла со 6747 легла* | 277 701 | |
| 2. | АНДОН ДУКОВ | | | |
| 3. | МАКПЕТРОЛ | | 277 660 | |
| 4. | БЕЛВИ | | 277 212 | |
| 5. | ИНЕКС-ГОРИЦА | | | |
| 6. | ПАРК | | 277 523 | |
| 7. | ПАЛАС | | 260 440 | |
| 8. | СЛАВИЈА | | | |
| 9. | ОРЦЕ НИКОЛОВ | | 277 402 | |
| 10. | ДЕСАРЕТ | | 216 816 | |
| 11. | УНИВЕРЗИТЕТСКО | | 277 014 | |
| 12. | ГАЛЕБ | | | |
| 13. | ФЛАМЕНГО-ДОНЧО | | 262 610 | |
| 14. | МИЛЕНИУМ | | 263 361 | |
| 15. | РИВИЕРА | | 268 735 | |
| 16. | МОНТЕ-НЕГРО | | | |
| 17. | КОЦАРЕ | | | |
| 18. | СИЛЕКС | | 277 300 | |
| 19. | ПТТ | | 265 270 | |
| 20. | АСТОР | | 277 508 | |
| 21. | БЕТОН | | 277 365 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22. | МИЗО ГРАДСКА ПЛАЖА | | 264 621 | |
| 23. | ДАЛЈАН | | 230 055 | |
| 24. | ПЕЛАГОНИЈА | | 277 499 | |
| 25. | СВИЛАРА | | 277 134 | |
| 26. | СТОКО-КОМЕРЦ | | 271 005 | |
| 27. | СТОПАН.КОМОРА НА РМ | | 277 315 | |
| 28. | АВИО-ИМПЕКС | | 277 505 | |
| 29. | БЕЛВЕДЕРЕ | | 277 104 | |
| 30. | ЖУПА | | 277 012 | |
| 31. | КЛИМЕНТИЦА | | 277 668 | |
| 32. | МАК АД ОСИГУРУВАЊЕ | | 277 490 | |
| 33. | МВР | | 277 313 | |
| 34. | АВТО КАМП МЛАДОСТ | | 270 340 | |
| 35. | АВТО КАМП ЕЛЕШАЦ | | | |
| 36. | АВТО КАМП ЉУБАНИШТА | | | |
| 37. | АВТО КАМП ГРАДИШТЕ | | | |
| 38. | АВТО КАМП СВЕТИ НАУМ | | 205 926 | |
| 39. | ЈУГО-ТУТУН | | 277 155 | |
| 40. | СЛАВЕЈ БИТОЛА | | 277 282 | |
| 41. | ПАРТИЗАН | | 270 052 | |
| 42. | ЧИНГО | | 250 001 | |
| 43. | ЛЕБЕД | | 250 004 | |

**Напомена: Наведените податоци во прегледите се земени од служби кои располагаат со истите, но тие се од променлив карактер и можеби не одговараат на моменталната состојба.**

Проценка е дека организираните сили за ЗС кои ги формира општината се добро обучени, а нивната опременост може да се квалификува како солидна.

## 16.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Мерките за заштита и спасување опфаќаат планирање, организирање и спроведување на активности и задачи со цел намалување или отстранување на опасностите од појава на непогоди, како и мерки и задачи за делување кога тие ќе настанат.

Мерките за заштита и спасување можат да бидат:

а) превентивни

б) оперативни

1.Бидејќи територијата на Охрид спаѓа во првата сеизмогена зона, постои релативно висок степен на загрозеност од урнатини.

Со цел намалување на последиците, особено внимание треба да се посвети на превентивните мерки за заштита и спасување од урнатини, со вклучување на сите надлежни организации и институции во планската изградба со што ќе се зголеми безбедноста на изградените објекти.

Асеизмичката градба и сеизмичката заштита треба да заземат приоритетно место во нормите и техничката регулатива за проектирање и изградба на објектите.

Покрај ова потребно е да се направат планови во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување за начинот на кој службите на локална самоуправа- Охрид би дејствувала во случај на земјотрес од поголеми размери.

Заради можноста од неконтролирано испуштање на сулфур од вулканот во с. Косел, што би можело да предизвика одредени последици врз населението, животните, растенијата и материјалните добра, потребно е преземање превентивни и оперативни мерки за заштита од сите задолжени субјекти, со цел спречување, отстранување или намалување на истите, како и обезбедување заштита на животната средина.

При евентуална потреба од преземање на мерките за заштита и спасување од урнатини ќе се ангажираат организираните сили за заштита и спасување и тоа:

-републички единици за ЗС помогнати од АРМ и МВР;

-просторни единици за заштита и спасување формирани во месните заедници и

-хуманитарни и невладини здруженија кои ги исполнуваат основните критериуми за учество.

2. За да не дојде до несакани последици во случај на поплави потребно е:

- Постојано чистење на речните корита од наведените реки, изградба на заштитни појаси на речните корита особено на местата каде се евидентирани чести излевања на водите;

- Особено треба да се даде акцент на постојаното корито на Летничка Река која не може да ги прими големите количини вода во случај на поплави како и наглите топења на снеговите на планината Галичица, а за да не дојде до излевање на истата потребно е :

- регулација на Летничка Река со пристап на изведување на профил на реката што ќе ги прифатат карактеристичните големи води;

- уредување на пороите во сливот, биолошка заштита со заштитување на ерозивните места(напомена 1985 год. е изработен главен проект за РЕГУЛАЦИЈА НА ЛЕТНИЧКА РЕКА, но за жал до ден денес не е реализиран);

- изградба на дождовна канализација;

- редовно одржување на водостопанските објекти(шахти, вентили и сл.) и

- ангажирање на просторните единици за заштита и спасување формирани во единицата за локална самоуправа.

3. Намалување или отстранување на последиците од штетни влијанија од снежни наноси и лавини може да се обезбеди ако истите се вградат во урбанистичките планови, т.е. во инвестициско - техничката документација, кои

задолжително треба да се земаат предвид при проектирање и изведба и на локалните патишта, ПТТ сообраќај и преносната електрична мрежа. Постојано опремување и унапредување на службите кои се занимаваат со оваа проблематика.

4. Поради зголемена опасност од пожари, а особено при појава на природни непогоди, со цел успешна заштита од пожари, потребно е континуирано спроведување на превентивни и оперативни мерки за заштита кои би биле :

-планирање и изградба на објектите согласно урбанистичко-техничките стандарди;

-употреба на градежен материјал и вградување на инсталации, отпорни на пожари;

-изградба на приодни патишта ;

-изградба на хидранска мрежа за брза интервенција, како и вградување на автоматски детектор за пожар;

-континуиран мониторинг на шумските комплекси од страна на надлежните институции;

-одредување локации за кампување и следење на сите посетители и берачи на шумски плодови;

- материјално-техничко и кадровско опремување на професионалната Противпожарна единица;

-изработка на планови и програми за обука на граѓаните за гасење пожари и ракување со противпожарни средства;

-подигање на свеста за потребата за придржување и спроведување на превентивните мерки и

- опремување и обучување на доброволни противпожарни здруженија.

5. Имајќи ги предвид видот, карактерот и опасните последици кои можат да бидат предизвикани врз населението, материјалните добра и животната средина, заштитата од експлозии претставува доста комплексна мерка за заштита и заради тоа е потребно доследно придржување кон одредбите од пропишаните стандарди, оперативни процедури од страна на сите субјекти вклучени во таа проблематика.

6. Мерките за заштита и спасување од НУС на населението и материјалните добра е во надлежност и делокруг на работа на Дирекцијата за заштита и спасување, како во секојдневните , така и во услови на природни непогоди и други несреќи.

7. Регионот на општина Охрид, поради изразените миграциски движења заради нејзиниот туристички карактер , е критичен за можни појави на заразни заболувања и нивно ширење во форма на епидемија, затоа треба да се преземат следните мерки и активности :

-контрола на заболувањата против кои се спроведува задолжителна имунизација;

-мониторинг на санитарно -хигиенската и епидемиолошката состојба;

-континуиран мониторинг на санитарно-хигиенската состојба на водоснабдувањето на населението, на објектите за водоснабдување и на безбедноста на водите за пиење;

- од прегледот може да се заклучи дека е потребно за одржувањето на селските водоводи да се грижи Ј.П. Проаква или некој друг субјект;

-редовно одржување и подобрување на состојбата на филтер-станиците за прифаќање и преработка на површинските води кои се наменети за вода за пиење и употреба , особено во летниот период и

-Дирекцијата за храна во соработка со Заводот за здравстена заштита да ги преземат сите превентивни мерки и согласно надлежностите, континуирано да ги спроведуваат своите активности со инспекциски контроли врз системите за јавно снабдување на населението со вода за пиење и домашна употреба.

8. Со оглед на последиците кои може да бидат предизвикани со неконтролирана употреба на радиолошки средства, а врз основа на Законот за радијација според кој радиоактивните громобрани повеќе не можат да се употребуваат, тие под итно треба да се заменат со класични громобрани.

Исто така, се наметнува потребата од систематско дејствување и преземање мерки и активности од страна на сите надлежни субјекти, во рамките на своите надлежности и делокруг на работа, како што се :

Министерството за животна средина и просторно планирање
Единиците на локална самоуправа
Дирекцијата за радијациска заштита
Центарот за управување со кризи
Дирекцијата за заштита и спасување
Други органи и институции

9. Мерките за заштита од техничко -технолошките катастрофи подразбира и непосредна заштита на луѓето, материјалните добра и животната средина;

-една од можните неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко-технолошки катастрофи е просторното и урбанистичко планирање, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина;

-вградување мерки кои се однесуваат на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко - технолошките катастрофи;

-вклучување на мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите;

-вклучување мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар , експлозија или ослободување на хемикалии за заштита на животната средина;

- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација на персоналот во случај на евентуална технолошка катастрофа.

Со ваков приод може да се очекува остварување на основните цели за заштита од техничко-технолошките катастрофи.

**17.З А К Л У Ч О Ц И**

*1.Системот за заштита и спасување во општинина Охрид се наоѓа во фаза на конституирање согласно новиот Закон за заштита и спасување.*

*Во оваа фаза треба да се оди на искористување на кадровските и материјални капацитети во општината кои навистина се големи, за формирање квалитетни сили за ЗС. Затоа треба итно да се формира/именува Штаб за ЗС на општина Охрид и единици за ЗС на општина Охрид.*

*Мотивирање на овие кадри за нивно ангажирање во силите за ЗС.*

*Обука на единиците, особено за специфични задачи (спасување од урнатини и сл.) што претставува неопходност, поради специфичноста на истата ( ваква активност не се извршува во секојдневниот живот).*

*2.Можностите од раководење со акциите за заштита и спасување зависи пред се од квалитетот на луѓето ангажирани во акциите ( заклучок под реден број 1.), запознаеноста на истите со законските одредби кои ја регулираат оваа материја (обука на носителите на функции)*

*3.Од сите можни непогоди и несреќи, општина Охрид најмногу е загрозена од :*

*- земјотреси;*
*- поплавувања од помал размер;*
*- авионски и други сообраќајни несреќи и*
*- шумски пожари*

*4.Последиците од ваквите несреќи можат да бидат различни. Како најлошо сценарио кое може да го зафати ова подрачје е катастрофален земјотрес ( се мисли на градот Охрид ) каде би имало поголем број на загинати и уште поголем број на повредени и лица без домови.*

*Во вакви услови разурнувањата би биле големи и голем дел од објектите би биле урнати, оштетени без можност да се живее во нив, инфраструктурата би била во најголем дел уништена, а можноста на организираните сили за ЗС сведена на минимум. Во вакви услови спасувањето пред се би се организирало од страна на други РО за ЗС .*

*При други сценарија т.е. несреќи кои би можеле да го погодат ова подрачје, жртвите би биле многу помали (најмногу до неколку десетина загинати),а оштетувањата на објектите ( станбени и инфраструктурни), не многу значајни за спроведувањето на спасувањето и заштитата.*

*5.Од ова произлегува дека акцентот при организирањето на системот за ЗС во овој регион треба да се стави на превенцијата и формирање сили за заштита и спасување кои би се ангажирале во случај на земјотреси, поплави, терористички напади, авионски и други несреќи и пожари.*

*Притоа превентивата би била :*

*-заштита од земјотреси, пред се при изградбата и контролата на новоградбите со запазување на стандардите за асеизмичка градба што е надлежност на локалната самоуправа;*

*- заштита од авионски и други сообраќајни непогоди, во придржување на строгите критериуми на воздушниот сообраќај и контроли на возилата и патниот сообраќај што е во надлежност на Министерстото за транспорт и врски и МВР , додека обврска на локалната самоуправа е опремување на ТППЕ со апаратура за сечење метал, пневматски клешти и др., за вадење на повредени лица од хаварисни возила како и обука на пожарникарите за работа со овие алати;*

*- заштита од поплави, редовно чистење на речните корита и градење на водозаштитна инфрастуктура која во надлежност на локална самоуправа Охрид во соработка со МЗШВ и*

*- превентивно делување во заштитата од пожари на отворен простор во склад со насоките и плановите на ЈП кои стопанисуваат со шумите, законските прописи, работа со населението и сл.*

*6. Општина Охрид во соработка со Регионалното одделение за ЗС - Охрид, би можеле да се справат со најголем број на евентуалните непогоди, а особено доколку трансформацијата на системот за ЗС и организирањето на Силите за ЗС се спроведе во склад со гореизнесеното и во пократок период.*

*Во случај на потешки непогоди, овој регион ќе има потреба од дополнителни сили, особено експерти по некои области кои ги нема овие општини( за радиолошка, хемиска) како и опрема или МТС, кои не можат да се најдат по фирмит,и ќе се врши преку Дирекцијата за ЗС-Регионално одделение Охрид .*

*Во случај на најтешкото сценарио, горепомнатото - земјотрес, заштитата и спасувањето ќе мора барем во прво време да го спроведува Главниот штаб за ЗС - Скопје преку РШЗС од други општини и сигурно е дека ќе има потреба од странска помош.*

***Локална самоуправа Охрид ги има формирано следниве единици***

| ред. број | ВИД НА ЕДИНИЦАТА | јачина на единицата | број на припадници | обученост | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | Штаб за ЗС | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**Број 07- 344/13-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Статутарната одлука за изменување на Статутот на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 114 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 год. донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Во членот 100 од Статутот на општина Охрид по зборот „најмалку“ бројот „10 %“ се заменува со бројот „3%“.

**Член 2**

Во членот 102 од Статутот на општина Охрид по зборот „најмалку“ бројот „10 %“ се заменува со бројот „3%“.

**Член 3**

Во членот 107 од Статутот на општина Охрид по зборот „најмалку“ бројот „10 %“ се заменува со бројот „3%“.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за организација на Општинската администрација на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид” бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.02.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за организацијата на општинската администрација на Општина Охрид**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид, видовите на организациони облици, условите за нивно образување и раководење со нив.

**Член 2**

(1) Општинската администрација на Општина Охрид ( во натамошниот текст: општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и Градоначалникот.

(2) Општинската администрација:
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно унапредување и решавање на проблемите;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи ичли врз основа на закон; и
- врши и други работи утврдени со оваа одлука.

(3) Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на Општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на Општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

**Член 3**

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**Член 4**

(1) Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на Општината, како и заради координирање и контрола на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

(2) Одделение се образува заради непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски,стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

(3) Територијална противпожарна единица на Општината се образува заради вршење на со закон утврдените работи од областа на заштита од пожари.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Член 5**

(1) Општинската администрација се организира во следните сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**1. Сектор за правни, финансиски и општи работи;**
- Одделение за правни и општи работи;
- Одделение за буџет и финансии;
- Одделение за даноци и комунални такси;
- Одделение за поддршка на органите на општината.

**2. Сектор за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој;**
- Одделение за урбанизам и заштита на животна средина;
- Одделение за комунален развој и сообраќај.

**3. Сектор за туризам и локален економски развој;**
- Одделение за туризам;
- Одделение за локален економски развој.

**4. Сектор за јавни дејности;**
- Одделение за образование, култура, детска, здравствена и социјална заштита;
- Одделение за спорт, млади и невладини организации.

**5. Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат;**
**6. Одделение за управување со човечки ресурси;**
**7. Одделение за внатрешна ревизија;**
**8. Територијална противпожарна единица на Општината.**

(2) Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ на организацијата на општинската администрација на Општината (органограм).

**Член 6**

**(1) Секторот за правни, финансиски и општи работи** ги врши работите поврзани со: подготвувањето на актите за Советот и Градоначалникот, подготвувањето на седници на Советот и на неговите комисии и вршење стручни работи за Советот и

Градоначалникот; ракување и чување на документите н Општината до нивно предавање на Државниот архив на РМ; подготвување и извршување на буџетот на

општината; утврдување и наплата на даноците, таксите и надоместоците што се приходи на општината; водење на сметководството; јавните набавки во општината; односите со јавноста; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација и врши други работи врз основа на Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за даноците и другите закони и прописи со кои се уредуваат изворите на приходи на Општината, водењето на сметководството за буџетите и буџетските корисници и други прашања од областа на финасиското работење.

(1-1) **Одделението за правни и општи работи:**

**-** ги подготвува нормативните како и поединечните акти од надлежност на советот и градоначалникот;

- ги врши работите во врска со постапката за експропријација на недвижности;
- ги врши работите во врска со јавните набавки во општината;
- ги врши работите што се однесуваат на канцелариското и архивското работење;
- ги организира активностите на облиците на месна самоуправа;
- ги врши работите поврзани со возниот парк;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

(1-2) **Одделението за буџет и финасии:**

- го изготвува предлог буџетскиот календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на буџетот на Општината;
- го изготвува буџетот на Општината;
- ги изготвува предлозите за прераспределба на средствата помеѓу буџетските позиции во текот на буџетската година;
- ја изготвува предлог годишната сметка на буџетот на Општината;
- го подготвува годишниот извештај чиј составен дел се годишната сметка; извештајот за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност; извештајот за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делегирани надлежности и извештајот од одговорниот сметководител со кој се потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка;
- го реализира извршувањето на буџетот на Општината;
- во законски утврдениот рок ги подготвува анализите и кварталните извештаи со образложение за извршување на буџетот на Општината, што Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината и до Министерството за финансии;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

(1-3) **Одделението за даноци и комунални такси:**

- ги врши работите што се однесуваат на облог на обврзниците со даноци и комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината;
- ја следи наплатата на даноците и комуналните такси;
- подготвува извештаи и информации за состојбите во областа на даноците и комуналните такси;
- се грижи за извршување и присилна наплата на даноците и комуналните такси;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

(1-4) **Одделението за поддршка на органите на Општината:**

- ја подготвува програмата за работа на Советот;

- ги подготвува седници на Советот и на неговите комисии;
- ги врши стручно-административните работи за Советот и Градоначалникот;
- ги врши работите што се однесуваат на организирање средби и патувања за градоначалникот и членовите на советот;
- ги врши работите што се однесуваат на односите со јавноста;
- ги врши работите што се однесуваат на одбележување празници и манифестации;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 7**

**(2) Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој** ги врши работите поврзани со: урбанистичко планирање на просторот, издавање на услови и одобренија; градење на објекти од локално значење утврдени со закон; заштита на животната средина и природата и преземање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата; уредување на градежното земјиште; изградба, реконструкција и одржување на локални патишта, улици и други инфраструктурни објекти од значење и надлежност на Општината; уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници и режимот на сообраќај; организирање и регулирање на

користењето на јавно прометни површини; следење на состојбата во областите, и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација и врши други работи врз основа на Законот за градење, Законот за урбанистичко планирање, Законот за градежно земјиште, Законот за животната средина, Законот за превоз во патниот сообраќај.

(2-1) **Одделението за урбанизам и заштита на животна средина:**
- ги врши работите што се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на просторот во општината;
- покренува иницијатива и предлози за донесување, изменување и дополнување на генерални и детални урбанистички планови;
- ја подготвува годишна програма за урбанистичко планирање на просторот;
- го следи спроведувањето на урбанистичките планови;
-подготвува анализи и информации за состојбите во урбанистичкото планирање, издавање на услови и одобренија за градба на објекти од локално значење утврдени со закон;
- подготвува анализи и информации за состојбите со животната средина и природата;
- предлага мерки за заштита на животната средина и природата;
- предлага мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

(2-2) **Одделението за комунален развој и сообраќај:**
- ги врши работите што се однесуваат на уредувањето на градежно земјиште;
- подготвува програма за изградбата, реконструкцијата и одржувањето на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти;
- го уредува и организира јавниот превоз на патници;
- подготвува програма за изградбата и одржувањето на улична сообраќајна сигнализација и јавното осветлување;

- го регулира режимот на сообраќај во Општината,
- ја подготвува листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
- подготвува програма за регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови на општината;

- ги пресметува и води евиденција за наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште и за користење на јавно прометни површини;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот

**Член 8**

**(3) Секторот за туризам и локален економски развој** ги врши работите поврзани со: промовирање на туристичките вредности на Општината; туристичка и угостителска дејност од мал обем; локалниот економски развој преку изработка на програми и мерки за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво и вршителите на занаетчиска дејност; развојот на информатичката технологија за потребите на Општината; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација.

(3-1) **Оделението за туризам:**
- врши промовирање на туристичките вредности на општината;

- ги подготвува програмите и предлага мерки за развој на облиците на туристичка и угостителска дејност од мал обем;
- го води регистарот на вршители на туристичка и угостителска дејност од мал обем;
- дава туристички информации и врши дистрибуција на информативно промотивни материјали;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

(3-2) **Одделението за локален економски развој:**
- подготвува програми и предлага мерки за поддршка на малите и средните претпријатија, занаетчиството и претприемаштвото на локално нивоч
- ја воспоставува и развива мрежата на институции и агенции за промовирање на партнерството;
- ја развива информатичката технологија преку изработка на бази на податоци за потребите на општината, конфигурирање, контрола, одржување и дополнување на хардверски и софтверски подсистеми;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 9**

**(4) Секторот за јавни дејности** ги врши работите поврзани со: пратење на состојбата во областите на образованието, културата, здравството, социјалната заштита, спортот во рамките на надлежностите кои општината задолжително ќе ги извршува; следење и поттикнување на активностите на здруженијата на граѓани и фондации чија активност е од интерес на општината; следење на прописите од овие области и предлагање мерки и активности што треба да ги преземат советот и градоначалникот; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација.

(4-1) **Одделението за образование, култура, детска, здравствена и социјална заштита:**
- ја ажурира базата на податоци за бројот,половата и етничката структура на учениците, бројот,еничката и образовната структура на наставниот кадар и техничкиот персонал во училиштата и градинката;
- ги проверува и доставува до Министерството за образование и наука основните податоци за дејноста основно и средно образование;

- изготвува информации за состојбата со објектите во училиштата и градинката;
- изготувува Програма за тековно инвестиционо одржување на објектите во училиштата и градинката;
- изготвува информации за капиталните образовни инвестициони приоритети кои ги доставува до Министерството за образование и наука;
- изготвува Предлог-план за упис на ученици во прва година во средините училишта;
- изготвува регистар на основните и средни училишта;
- изготвува регистар на спомен-обележјата;
- учествува во реализацијата на Годишната програма на Комисијата за одбележување празници и манифестации;
- подготвува информации од сверата на здравството и социјалната политика;
- остварува перманентна соработка со ресорните министерства и благовремено ги доставува сите баранаи податоци, извештаи и информации;
- ги следи промените во законската регулатива и преку Заедницата на единиците на Локалната самоуправа доставува свои мислења, предлози и забелешки на Нацрт документите кои се предлагаат, а кои се однесуваат на образованието, културата, детската, здравствената и социјалната заштита;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

(4-2) **Одделението за спорт, млади и невладини организации:**

- остварува непосредна соработка со спортските клубови, здруженијата на младите и невладините организации;
- ја координира работата на невладиниот сектор во општината;
- учествува во реализацијата на конкретни општествено значајни проекти, иницирани од здруженијата на младите и невладините организации;
- учествува во организацијата на значајни спортски манифестации од државен и меѓународен карактер;
- изготвува информации за состојбите и проблемите на младите и невладиниот сектор;
- изготвува информации за спортски инвестициони приоритети и истите ги доставува до Агенцијата за млади и спорт;
- организира предавања, трибини и работилници со актуелни теми од доменот на младите;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 10**

**(5) Одделението за инспекциски надзор – Инспекторатот** врши инспекциски надзор во областа на:

- урбанистичкото планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон;
- комуналните дејности од надлежност на Општината во согласност со закон;
- утврдувањето и наплатата на даноците на имот, наплатата на комуналните такси и наплатата на таксата за привремен престој;

- заштита на животната средина и природата, квалитетот на амбиенталниот воздух;
- угостителство-вршители на угостителска дејност од мал обем;
- туристичка дејност- вршители на туристичка дејност од мал обем;
- превоз на патници од надлежност на Општината во согласност со закон;
- основно и средно образование-основни и средни училишта;
- спорт-спортски објекти во сопственост на Општината, услови за вршење дејност спорт, остварување на програмите донесени од Советот, остварување на правата на спортските клубови основани од Општината.

**Член 11**

**(6) Одделението за управување со човечки ресурси:**

- ги следи и спроведува законите и подзаконските акти од обласста на човечките ресурси;
- го подготвува актот за организација на општинската администација;
- го подготвува правилникот за систематизација на работните места;
- ја подготвува годишната програмата за стручно оспособување и усовршување на службениците во општинската администрација;
- предлага политики за управување со човечките ресурси во органот;
- ги подготвува актите врзани со вработувањето во општинската администрација;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 12**

**(7) Одделението за внатрешна ревизија:**

- врши внатешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;
- подготвува план за внатрешна ревизија и по одобрување од Градоначалникот, го обезбедува неговото спроведување и следење;
- доставува извештаи за извршена внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на општината;
- подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- врши оценување на значајните фактори на ризик и дава совети на Градоначаникот за нивно намалување;
- врз основа на анализи од работењето, ја утврдува и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;
-ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на општината.

**Член 13**

**(8) Територијалната противпожарна единица на Општината** ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;

- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснење на големи пожари на целата територија на Република Македонија во координација со Дирекцијата за заштита и спасување ;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење на пожари во други држави во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;

- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување;

- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица согласно законот и подзаконските акти;

- тековна поправка и одржување на техниката и опремата;

- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;

- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;

-едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;

- врши и други работи што ќе и бидат доверени.

## III. РАКОВОДЕЊЕ

**Член 14**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот.

**Член 15**

(1) Со сектор раководи раководител на сектор.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот.

(3) Со одделение раководи раководител на одделение.

(4) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

**Член 16**

(1) Со Територијалната противпожарна единица на Општината раководи командандир.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на командандирот, со Територијалната противпожарна единица на Општината раководи командир на одделение кој тој ќе го определи.

(3) Со одделение раководи командир на одделение.

**Член 17**

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работните места го утврдува Градоначалникот со Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организација на општинската администрација на Општина Охрид бр.07-829/3 од 30.06.2005 година („Сл.гласник на општина Охрид” бр.6/05), Одлуката за измени и дополнување на одлуката за организација на општинската администрација на Општина Охрид бр. 07-852/2 од 27.04.2006 година („Сл.гласник на општина Охрид” бр. 4/06) и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за организација на општинската администрација на Општина Охрид бр. 07-795/17 од 26.04.2007 година („Сл.гласник на општина Охрид” бр. 6/07).

**Член 19**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид”, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за државни службеници.

**Број 07- 344/15**
**28. 02. 2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/16**
**28.02.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 2 од Законот за јавни претпријатија, член 22-а од Законот за спортот и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Охрид основа Јавно петпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори, се утврдуваат дејноста на Јавното претпријатие, основните услови и начинот на вршењето на дејноста за

која се основа, начинот на финансирањето и другите прашања од значење на Јавното претпријатие.

**Член 2**

Заради организирано и квалитетно вршење на дејноста изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори во општината Охрид, општината Охрид основа Јавно претпријатие.

Вршењето на дејноста од став 1 на овој член е дејност од јавен интерес.

**Член 3**

Полниот назив на Јавното претпријатие е:

Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори „Билјанини Извори-Охрид (во натамошниот текст Јавно претпријатие).

„Скратен назив на претпријатието е ЈП „ Билјанини Извори “-Охрид.

**Член 4**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Во првниот промет со трети лица Јавното претпријатие одговара со сиот свој имот-целосна одговорност.

**Член 5**

Седиштето на Јавното претпријатие е во Охрид, ул.„Туристичка“ бб.

**Член 6**

Јавното претпријатие го претставува директорот.

Иванчо Цветкоски ќе ги води работите на претпријатието до неговата регистрација во надлежниот орган и конституирање.

**Член 7**

Јавното претпријатие се основа за вршење на следните дејности:

- изградба, одржување и стопанисување на објекти за спорт, сопственост на општината;
- организирање на спортски приредби и манифестации;
- поддржување на систем на натпревари на општинско ниво;
- поддржување на масовниот, рекреативниот спорт, систем на натпревари на училишниот спорт и манифестации и натпревари за лица со посебни потреби;
- користење, опремување и планирање на изградба на современи спортски објекти;
- изградба, одржување и стопанисување на јавниот простор за паркирање.

**Член 8**

Јавното претпријатие, по претходно добиена согласност од основачот, може да обавува и други дополнителни дејности, во сверата на спортот и спортскиот туризам.

**Член 9**

Јавното претпријатие од член 2 на оваа одлука е во сопственост на општина Охрид.

Почетните средства за работа на Јавното претпријатие ги обезбедува основачот.

Висината на основачкиот влог изнесува 5200,оо евра или 319 800,оо денари согласно проценката на овластен проценител.

Средствата за обавување на дејноста Јавното претпријатие ги обезбедува преку давањето услуги на корисниците на спортските објекти, како и од средства на основачот.

**Член 10**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и Директорот.

Бројот на членовите на органите од претходниот став се утврдува со Статутот на Јавното претпријатие, а во согласност со закон.

**Член 11**

Јавното претпријатие се организира така што дејноста за која е соновано да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- ефикасност во работењето;
- развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на општината;
- заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите; и
- самостојност во рамките на системот и функционална поврзаност во рамките на општината.

**Член 12**

Со Статутот на Јавното претпријатие поблиску се одредува организацијата и раководењето на Јавното п ретпријатие, општите акти и постапка за нивно донесување и извршување како и други прашања од значење на јавното претпријатие.

**Член 13**

Јавното претпријатие Статутот и другите општи акти ќе ги донесе во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа одлука и ќе се именуваат органите на Јавното претпријатие од член 10 став 1.

**Член 14**

Лицето од член 6 став 2 ќе поднесе пријава за регистрација на Јавното прtпријатие пред надлежниот регистарски суд.

**Член 15**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори бр.07-1975/11 од 08.10.2007 година (Службен гласник бр.12/07) и Одлуката за дополнување на одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори бр.07-2348/11 од 15.11.2007 год..

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/16**
**28.02.2008 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА ГОРИЦА-ИСТОК 2007-2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување Урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица-Исток 2007-2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/16**
**28.02.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 13, 22, 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05 и 137/07 ) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 28.02.2008 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА „ГОРИЦА –ИСТОК“ 2007-2017 ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица – Исток 2007-2017.

Член 2

Со планот од член 1 на оваа Одлука се опфаќа простор со површина од 4,9 ха. (разработка 1,6 ха.)

**Член 3**

Просторот на планскиот опфат во Урбанистичкиот план за вон населеното место за дел од туристичка населба Горица–Исток 2007- 2017 опфаќа граници:

Источно и западно оди осовински по предвидените (со ГУП) собирна и сервисна улица кој се паралелни на регионалниот пат Р-501.

Северно е раскрсницата кај што се двојат овие две сообраќајници, јужно е границата на катастарската парцела односно Суводолица. Пристапот до локацијата ќе биде по сообраќајница само сообраќајно решение во склад со прописите за безбедноста во сообраќајот, односно оформен од парцелите кп.бр 7010, 6924 и дел од кп.бр.6838, 6924, 7011, 7012, 7017, 7018 и 7019.

**Член 4**

Урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица– Исток 2007-2017 со технички бр.13/07 изработен од „Урбан“ДОО-Охрид содржи: Текстуален дел

и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата.

**Член 5**

Урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица – Исток 2007-2017, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид .

**Член 6**

Урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица – Исток 2007-2017, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-344/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАСЊЕ ДУП ЗА ДЕЛ ОД ПОШИРОКО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ ОПФАТ МАЛАРИЧНА-ОХРИД 2007-2012**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување ДУП за дел од пошироко централно градско подрачје опфат Маларична-Охрид 2007-2012, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 13, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.51/05 и 137/07) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 28.02.2008 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДУП–ДЕЛ ОД ПОШИРОКО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ ОПФАТ МАЛАРИЧНА-ОПШТИНА ОХРИД 2007-2012

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** ДУП - дел од пошироко Централно градско подрачје, опфат „Маларична“- Охрид 2007-2012.

**Член 2**

Со планот од член 1 на оваа Одлука се опфаќа простор со површина од 8,45 Ха.

Граници на Урбаниот опфат се:

Помеѓу Бул.„Туристичка“, ул.„Јане Сандански“, ул.„106“, ул.„107“, ул.„ Димитар Влахов“, ул.„119“ и ул.„Даме Груев“.

**Член 3**

ДУП - дел од пошироко Централно градско подрачје, опфат „Маларична“-Охрид 2007–2012 со технички бр.1439/2007 изработен од „ЗУАС“АД - Скопје содржи: Текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата.

**Член 4**

ДУП-дел од пошироко Централно градско подрачје, опфат „Маларична“- Охрид 2007–2012, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид

**Член 5**

Документацијата од постапката за донесување на ДУП - дел од пошироко Централно градско подрачје, опфат „Маларична“- Охрид 2007–2012, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/18**
**28.02.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ ГОРИЦА-СВ.СТЕФАН-МЕТРОПОЛ, ДЕЛ ОД БЛОК 2 ОПШТИНА ОХРИД 2007-2017.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување урбанистички планови вон населено место за дел од туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол, дел од блок 2 општина Охрид 2007-2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/19**
**28.02.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 13, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05 и 137/07) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 28.02.2008 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ ГОРИЦА-СВ. СТЕФАН-МЕТРОПОЛ, ДЕЛ ОД БЛОК 2 - ОПШТИНА ОХРИД 2007-2017

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** урбанистички план вон населено место за дел од туристички локалитет Горица Св. Стефан-Метропол, дел од блок 2 општина Охрид 2007–2017.

**Член 2**

Со планот од член 1 на оваа Одлука се опфаќа простор со површина од 5,4 Ха.
Граници на Урбаниот опфат се:
- од запад–Охридско Езеро
- од исток постоен пат во локалитетот
- од север кп.бр.2618, 2616, 2615, 2614, 2613.
- од југ кп.бр.2743.

**Член 3**

Урбанистички план вон населено место за дел од туристички локалитет Горица Св. Стефан-Метропол, дел од блок 2 општина Охрид 2007–2017 со технички бр. 172/07 изработен од ИН-ПУМА Скопје содржи:Текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата.

**Член 4**

Урбанистички план вон населено место за дел од туристички локалитет Горица-Св. Стефан-Метропол, дел од блок 2 општина Охрид 2007–2017, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид .

**Член 5**

Документацијата од постапката за донесување Урбанистички план вон населено место за дел од туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол, дел од блок 2 општина Охрид 2007–2017, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-344/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 16-РАЧА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 16.2 ОПФАТ 1 - ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 „Рача“дел од урбан блок 16.2 опфат 1 општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 13, 22, 24 и 26 став 5 од Законотза просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05 и 137/07) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 16 - „РАЧА“ ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 16.2 ОПФАТ 1 – ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ дел од урбан блок 16.2 опфат 1 – општина Охрид.

**Член 2**

Со овој нацрт детален урбанистички план се пофаќа простор со површина од 9,45 ха.

Просторот на планскиот опфат во деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ дел од урбан блок 16.2 опфат 1 – општина Охрид опфаќа граници оформени по осовините на сообраќајниците:

Булевар „Св. Наум Охридски“, ул.„Новопроектирана 2“, „Новопроектирана 3“ и „Новопроектирана 4“.

**Член 3**

Нацрт урбанистички план со тех.бр.15/07 изработен е од „ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ДОО-Гостивар и содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ дел од урбан блок 16.2 опфат 1 – општина Охрид.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – во просториите на Општина Охрид и во Основното училиште во Рача.

Јавната анкета ќе трае најмалку 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-344/20**
**28.02.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 16 „РАЧА“ УБ 16.3 ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување нацрт-детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 „Рача“ УБ 16.3 опфат 3 општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/21** **ОПШТИНА ОХРИД**

**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 13, 22, 24 и 26 став 5 од законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 16 - „РАЧА“ УБ 16.3 ОПФАТ 3 – ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ УБ 16.3 опфат 3 – општина Охрид.

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 3,52 ha.

Просторот на планскиот опфат во Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ УБ 16.3 опфат 3 – општина Охрид опфаќа граници:

Булевар „Св.Наум Охридски“ од запад, од југозапад со стамбена улица 1, едновремено и патот за Коњско, од југ со границата на опфатот на територијата на град Охрид, од исток со улица 4, од север со улица 3- осовини на наведените улици.

**Член 3**

Нацрт урбанистички план со тех. бр.12/07 изработен е од ДОО „Урбан“-Охрид и содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ УБ 16.3 опфат 3 – општина Охрид.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид и во Основното училиште во Рача.

Јавната анкета ќе трае најмалку 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во („Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-344/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа **на** член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**Член 1**

**Се дава согласност** за отстапување на правото на трајно користење на градежно земјиште на к.п.бр 6608/2 во површина од 150 м2. и к.п.бр.6609/2 со површина од 114 м2., чиј што носител е ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид, за дооформување на локација за изградба на објект на АДГ „Трудбеник“-Охрид согласно условите за градба.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„

**Број 07-344/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ОД ДЕВАСТАЦИЈА И НЕКОНТРОЛИРАНО ИСПУШТАЊЕ НА ВОДА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот за заштита на Охридското Езеро од девастација и неконтролирано испуштање на вода, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 година.

**Број 08-344/23** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6.03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2008 год. го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ОД ДЕВАСТАЦИЈА И НЕКОНТРОЛИРАНО ИСПУШТАЊЕ НА ВОДА**

Советот на општина Охрид ја изразува својата крајна загриженост поради еколошката девастација на Охридското Езеро и неговото крајбрежје и поради тоа бара:

- Градоначалникот на општина Охрид под итно да преземе конкретни активности за враќање на концесиите врз Езерото и крајбрежјето од Владата, во надлежност на општина Охрид;

- Владата на Република Македонија да покрене постапка за преиспитување и редефинирање на билатералната Спогодба потпишана во 1956 година со Р. Албнија за користење на водите од Езерото за производство на електрична енергија бидејќи нивото на водите во Езерот е во алармантно натамошно нарушување;

- Градоначалникот на општина Охрид да ја извести Канцеларијата на УНЕСКО во Р.Македонија за евидентното уништување на Езерото со механички одлив на водите од Езерото кое е на листата на заштитени природни реткости на УНЕСКО, со цел Канцеларијата да се заложи пред Владата за почитување на обврските кон УНЕСКО;

- Владата на Република Македонија, со посебен акт да го обврзи државното претпријатие за производство на електрична енергија, на име на одштета на трошоците што ги имаат општините Охрид и Струга за заштита на Езерото, да им плаќа годишен надоместок од профитот заработен со продажба на електричната енергија произведена од езерските води;

- Министерството за транспорт и врски на Република Македонија да забрани секаква градежна активност во литоралниот дел во вид на градба на платформи и времени пристаништа во водите на Езерото за да се подобри природното циркулирање на водните струи, а со тоа се заштити живиот свет во овој дел на Езерото;

- Со проблемот на еколошката девастација на Охридското Езеро да се запознаат сите надлежни институции и државни органи во Републиката како и севкупната јавност со напомена дека Советот на општина Охрид се оградува од незаконските активности на уништување на крајбрежјето кои се вршат со знаење и покровителство на Владата.

**Број 07-344/23**
**28.02.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

**1.** **ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА НЕМЕНЛИВОСТ НА УСТАВНОТО ИМЕ НА НАШАТА ДРЖАВА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.** **2**

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2007 ГОДИНА** | **3** |
| **3.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОДИНА** | **20** |
| **4.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2008 ГОДИНА НА МЈП„ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА РЕ„КОЛЕКТОР“** | **24** |
| **5.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ И СООБРАЌАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ ЗА 2007 ГОДИНА** | **27** |
| **6.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА** | **28** |
| **7.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2007 ГОДИНА ДО 31.12.2007 ГОД.** | **29** |
| **8.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2007 ГОДИНА ДО 31.12.2007 ГОД.** | **30** |
| **9.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2008 Г.** | **31** |
| **10.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ОХРИД** | **40** |
| **11.** | **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОЦЕНАТА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ, ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ, ЕПИТОФИИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ** | **41** |
| **12.** | **СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАСТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД.** | **63** |
| **13.** | **ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД** | **64** |
| **14.** | **ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ.** | **73** |
| **15.** | **ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА ГОРИЦА-ИСТОК 2007-2017.** | **75** |
| **15.** | **ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДУП ЗА ДЕЛ ОД ПОШИРОКО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО П ОДРАЧЈЕ ОПФАТ МАЛАРИЧНА-ОХРИД 2007-2012.** | **77** |
| **17.** | **ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ ГОРИЦА-СВ.СТЕФАН-МЕТРОПОЛ, ДЕЛ ОД БЛОК 2 ОПШТИНА ОХРИД 2007-2017.** | **78** |
| **18.** | **ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 16-„РАЧА“ ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 16.2 ОПФАТ 1 - ОПШТИНА ОХРИД.** | **79** |
| **19.** | **ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ** | **81** |

**ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 16-„РАЧА“ УБ 16.3 ОПФАТ 3 - ОПШТИНА ОХРИД.**

**20.** **ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** **82**

**21.** **ПРЕДЛОГ ЗАКЛУЧОК ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ОД ДЕВАСТАЦИЈА И НЕКОНТРОЛИРАНО ИСПУШТАЊЕ НА ВОДА.** **83**